# ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ПРЕКУ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**- Прирачник за лица со попреченост и нивните семејства -**

*Како и каде да се обратиш за остварување и заштита на твоите права?*



**Авторки:** Бојана Јовановска,
Ина Цугуманова,
Наташа Петковска
**Лекторка:** Симона Груевска-Мацоска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

342.7-056.26/.36(497.7)(035)
347.921.8-056.26/.36(497.7)(035)

ЈОВАНОВСКА, Бојана
Остварување на правата преку бесплатна правна помош : прирачник за лица со попреченост и нивните семејства - Како и каде да се обратиш за остварување и заштита на твоите права? / авторки Бојана Јовановска, Ина Цугуманова, Наташа Петковска. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2020. - 39 стр. : табели ; 21 см

Финансиер: Влада на Обединетото Кралство, Правно зајакнување во заедницата во процесот на деинституционализација

ISBN 978-608-4790-67-9
1. Цугуманова, Ина [автор] 2. Петковска, Наташа [автор]
а) Права на лица со попреченост -- Македонија -- Прирачници б) Лица со попреченост -- Бесплатна правна помош -- Македонија -- Прирачници
COBISS.MK-ID 51513861

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

unicef

Овој производ е подготвен во рамки на програмата „Основи за иднината“ финансирана од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада и на УНИЦЕФ.

Оваа брошура е подготвена во рамки на проектот „Правно зајакнување во заедницата во процесот на деинституционализација" кој Хелсиншкиот комитет за човекови права, со поддршка на УНИЦЕФ, започна да го спроведува во август 2019 година. Главната цел е да се обезбеди помош и поддршка на децата и лицата со попреченост и на нивните семејства во остварување на нивните основни човекови права од една страна, како и поддршка на лицата кои се одговорни за непосредно давање бесплатна правна помош, од друга.

Во оваа брошура ќе најдете одговори на некои од најчесто поставуваните прашања за остварување на правата кои се однесуваат на децата и лицата со попреченост и на нивните семејства. За сите прашања за кои нема да најдете одговори во оваа брошура, можете да се обратите директно во Хелсиншкиот комитет за човекови права. Контактите на релевантните организации и институции можете да ги најдете на крајот на оваа брошура.

За сите дополнителни прашања можете да се обратите во:

**Хелсиншки комитет за човекови права**

**ул. „Наум Наумовски Борче" бр. 83, 1000 Скопје**

**+389 (0) 2 3119 073; +389 (0) 72 278 436**

**helkom@mhc.org.mk**

# Содржина


**ПРАВНА ПОМОШ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

ШТО Е БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

Каде да се обратиш доколку имаш потреба од примарна правна помош? . . . . .. 8

СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .9

Кои услови треба да ги исполнуваш за да добиеш секундарна правна помош? . 9

Услови во однос на приходите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

Услови во однос на имотот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

Во кои случаи можеш да добиеш секундарна правна помош без утврдување на финансиската состојба? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

Постапка за добивање секундарна правна помош . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .12

Во кои постапки може да се добие секундарна правна помош? . . . . . . . . . . .13

Што доколку не успее постапката? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .14

**ДИСКРИМИНАЦИЈА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .15

Директна дискриминација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16

Индиректна дискриминација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17

Соодветно приспособување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18

Пристапност до инфраструктура, добра и услуги . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .18

Како да се заштитиш од дискриминација? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19

Постапка пред Комисија за спречување и заштита од дискриминација . . . 19

Постапка пред Народен правобранител . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .19

Судска постапка. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21

Промените со новиот Закон за социјална заштита . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21

Парични надоместоци од социјална заштита . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .22

Гарантирана минимална помош . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 22
Надоместок поради попреченост . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 23
Право на надоместок за помош и нега од друго лице . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
Надоместок на плата за скратено работно време . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 26
Право на траен надоместок . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
Парични надоместоци за лица со попреченост под 26-годишна возраст . . 27
Социјални услуги во домот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28
Кои услуги во домот можете да ги користите?. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28
Кои се социјални услуги во заедницата? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30
**ОБРАЗОВАНИЕ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
Промени со Законот за основното образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
Кои се ученици со посебни образовни потреби? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
Разумно приспособување во образованието . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
**РАБОТНИ ОДНОСИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35
Каде можете да пријавите дискриминација и прекршување на права . . . . .37
Подрачни одделенија и овластени лица од Министерството за правда . . . 38

# ПРАВНА ПОМОШ

## ШТО Е БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Бесплатната правна помош е правна помош која ја одобрува и финансира државата на начин и под услови предвидени со Законот за бесплатна правна помош. Се нарекува бесплатна бидејќи **ти како корисник/чка не ја плаќаш услугата**, а средствата за одобрување на бесплатната правна помош и трошоците за дадената правна помош се обезбедуваат од буџетот на Министерството за правда, од донации и други приходи во согласност со закон.

Имаш право на бесплатна правна помош доколку имаш живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија.

# ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Доколку ти е потребна информација за остварување на некое твое право и/или се соочуваш со правен проблем за чие решавање ти се потребни правно советување и насочување, можеш да добиеш **примарна правна помош** во вид на:

- **Општа правна информација** - општи и начелни упатства и информации за начинот, условите и постапката за остварување на некое твое право или интерес, исполнување на конкретна обврска и упатување на надлежен јавен орган или надлежен суд.

  *Доколку те интересира кои надоместоци може да ги остваруваат лицата со попреченост и нивните семејства, имаш потреба од примарна правна помош во вид на* ***правна информација.***

- **Општ правен совет** - совет за начинот и можностите за решавање на твоето правно прашање, за законската регулатива, можноста за вонсудско решавање, за правилата и трошоците на постапката, за извршувањето на одлуките на постапката, запознавање со твоите права и обврски, како и со начинот на давање правна помош во судски и управни постапки.

  *Доколку Центарот за социјална работа со решение го одбил твоето барање за остварување надоместок за помош и нега од друго лице, имаш потреба од примарна правна помош во вид на* ***правен совет*** *за жалба на решение.*

Со примарната правна помош можеш да добиеш и помош ***при комплетирање на барањето за секундарна правна помош, пополнување формулари и обрасци и составување претставки до Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител и до Уставниот суд.***

## Каде да се обратиш доколку имаш потреба од примарна правна помош?

Доколку имаш потреба од примарна правна помош, можеш да се обратиш во Хелсиншкиот комитет за човекови права, како овластено здружение за давање бесплатна правна помош.

**Хелсиншки комитет за човекови права**
ул. „Наум Наумовски Борче“ бр. 83, 1000 Скопје
+389 (0) 2 3119 073; +389 (0) 72 278 436
helkom@mhc.org.mk

Примарна правна помош можеш да побараш и од:

### Овластени лица од подрачните одделенија на Министерството за правда.

*Сите адреси и телефонски броеви од подрачните одделенија можеш да ги најдеш на крајот на овој Прирачник.*

### Правните клиники на правните факултети во Скопје, Штип и Тетово

*Правната клиника е организациона единица на правните факултети и нејзина клучна цел е приближување на студентите до секојдневната реалност на правничката професија. Листата на правни клиники можете да ја најдете на веб-страницата на Министерството за правда* **https://www.pravda.gov.mk/clinics**

### Останати здруженија запишани во Регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош

*Листата на здруженија можете да ја најдете на веб-страницата на Министерството за правда* **http://www.pravda.gov.mk/bpp**

# СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Доколку имаш потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и поради твојата финансиска состојба не си во можност да ги платиш трошоците на постапката, можеш да користиш бесплатна секундарна правна помош.

Секундарната правна помош се обезбедува од страна на адвокат запишан во Регистарот на адвокати за секундарна правна помош. Листата на адвокати можете да ја најдете на веб-страницата на Министерството за правда на:
**http://www.pravda.gov.mk/bp-advokati**

Можеш да поднесеш барање за секундарна правна помош доколку си:

- државјанин на нашата држава или имаш постојано живеалиште во неа
- странски државјанин со дозвола за привремен или постојан престој во државата
- лице без државјанство кое законски престојува во државата
- лице кое има право на правна помош согласно со меѓународните договори ратификувани од нашата држава
- барател на правото на азил

## Кои услови треба да ги исполнуваш за да добиеш секундарна правна помош?

Доколку бараш секундарна правна помош, треба да исполнуваш неколку услови во однос на твоите приходи и имотот со кој располагаш.

## Услови во однос на приходите

Доколку живееш сам/а, твојот месечен приход не треба да го надминува износот на минималната нето-плата.

Доколку живееш сам/а, твојот месечен приход не треба да го надминува износот од **14.500,00 денари**.

Доколку живееш во заедничко домаќинство заедно со повеќе лица, твојот месечен приход не треба да го надминува износот на минималната нето-плата, а месечниот приход на секој нареден член од семејството не треба да го надминува износот од 20 % од минималната плата.

Доколку живееш во заедничко домаќинство со уште еден член, вашиот вкупен месечен приход не треба да го надминува износот од **17.400,00 денари**.

Доколку живееш во заедничко домаќинство со уште два члена, вашиот вкупен месечен приход не треба да го надминува износот од **20.300,00 денари**.

## Услови во однос на имотот

Ти и членовите на твоето семејство да имате во сопственост само еден едностанбен објект или стан како посебен дел од зграда во кој живеете.



Ти и членовите на твоето семејство да имате во сопственост една или повеќе физички поврзани катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 300 м2 во град Скопје или 500 м2 во општините во земјата, односно една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 5000 м2 во рурални средини.



Ти и членовите на твоето семејство да имате во сопственост само едно регистрирано моторно возило чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 1200 кубни сантиметри.



## Во кои случаи можеш да добиеш секундарна правна помош без утврдување на финансиската состојба?

Можеш да добиеш секундарна правна помош без утврдување на твојата финансиска состојба доколку:

- Си сместен/а во згрижувачко семејство, станбена единица за организирано живеење со поддршка или во установа за социјална заштита, со решение на Центар за социјална работа.
- Имаш потреба од поведување и застапување во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд.
- Поради елементарна непогода, виша сила или други околности, кои се надвор од твоја контрола, се најдеш во финансиска состојба што те спречува самостојно да обезбедиш заштита на своите права.

*Во последните два случаи треба да приложиш дополнителна документација за состојбата во која се наоѓаш.*

## Постапка за добивање секундарна правна помош

Постапката за добивање секундарна правна помош започнува во моментот кога ќе поднесеш барање за секундарна правна помош до подрачното одделение на Министерството за правда, кое се наоѓа на подрачјето каде што имаш живеалиште или престојувалиште.

Барањето можеш да го поднесеш лично, преку пошта или преку овластено здружение.

За секое поединечно правно прашање за кое сакаш да поведеш постапка, треба да пополниш и да поднесеш посебно барање за секундарна правна помош.

Доколку секундарната правна помош се одобри, тогаш:

- Се овластува назначениот адвокат за давање секундарна правна помош
- Ќе бидеш ослободен од плаќање судска такса и трошоци поврзани со постапката пред суд
- Ќе бидеш ослободен од плаќање административни такси
- Ќе бидеш ослободен од трошоци за вештачење

**Хелсиншкиот комитет за човекови права**

е овластено здружение за давање бесплатна правна помош. Доколку имаш потреба од повеќе информации во однос на постапката за секундарна правна помош, можеш да се обратиш во нашата правна служба. Ние можеме да ти помогнеме и при комплетирање на барањето за секундарна правна помош. Барањето може да биде поднесено и преку нас.

**Нашата адреса е**

**ул. „Наум Наумовски - Борче“ бр. 83,**
**1000 Скопје**

**Можеш да нè контактираш и на телефонските броеви**

**+389 (0) 2 3119 073;**
**+389 (0) 72 278 436**
**или на e-mail**
**helkom@mhc.org.mk**

## Во кои постапки може да се добие секундарна правна помош?

Секундарна правна помош може да се добие во сите граѓански судски постапки, во управни постапки и во управни спорови.

## Во кои постапки може да се одбие барањето за секундарна правна помош?

### Царински и даночни работи

*Доколку не го платиш персоналниот данок на доход, Управата за јавни приходи ќе поведе постапка против тебе за присилна наплата на долгот. Во овој случај немаш право на бесплатна секундарна правна помош.*

### Клевета и навреда

*Доколку некој твој познаник/чка те наклевети на социјалната мрежа „Фејсбук“, односно наведе невистинити податоци за тебе и на тој начин ти ги повреди честа и угледот, немаш право на бесплатна правна помош за поднесување тужба против ова лице.*

### Надомест за нематеријална штета, освен во случаи за жртви на кривични дела, како и во случај на смрт или тежок инвалидитет согласно со одредбите од Законот за облигационите односи

*Доколку некое лице неовластено преземе твоја фотографија и ја објави на интернет-портал, немаш право на бесплатна секундарна правна помош за поднесување на тужба против ова лице за надомест на нематеријална штета за повреда на авторско право.*

### Јавни и комунални услуги

*Доколку се соочуваш со проблем во врска со канализационата мрежа во дворното место и сакаш да поведеш судска постапка против надлежните институции, немаш право на бесплатна секундарна правна помош.*

### Имотни прашања во управна постапка

*Доколку имаш потреба да поднесеш барање за утврдување правен статус на бесправен објект, немаш право на бесплатна секундарна правна помош.*

### Прекршоци

*Доколку пред надлежен суд се води прекршочна постапка против тебе за сторен сообраќаен прекршок, немаш право на бесплатна секундарна правна помош.*

## Што доколку не успее постапката?

Доколку не успееш во постапката за која ти била одобрена секундарна правна помош, твоја обврска ќе биде да ги платиш направените трошоци. Поради тоа, пред да поднесеш барање за секундарна правна помош, потребно е да се консултираш со правник/адвокат, кој ќе ти ги претстави реалните шанси за успех на постапката. Дополнително, кога подрачните одделенија одлучуваат дали ќе го одобрат твоето барање, ќе ги земат предвид сите околности за завршување на постапката во твоја корист и доколку постои голема веројатност да не успееш во постапката, твоето барање за секундарна правна помош ќе го одбијат.

**Доколку се двоумиш дали да поднесеш барање за секундарна правна помош, поради тоа што не си сигурен за исходот на твојата постапка, можеш да побараш правен совет во Хелсиншкиот комитет за човекови права.**



# ДИСКРИМИНАЦИЈА

Дискриминација е секое **разликување, исклучување, ограничување** или **давање првенство** што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат **спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група** на еднаква основа со други.

**Основи на дискриминација** можат да бидат раса, боја на кожа, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, ПОПРЕЧЕНОСТ, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

За да бидеш жртва на дискриминација не мора директно да поседуваш некоја од наведените основи. **Забраната за дискриминација не е ограничена само на лицата со попреченост туку ги опфаќа и лицата кои се засегнати од нивната состојба**, односно членовите на семејството, згрижувачи и други лица кои се грижат за лицата со попреченост.

## Директна дискриминација

Ти си директно дискриминиран/а кога некој постапува со тебе понеповолно во однос на друго лице или група, во фактичка или можна споредлива или слична ситуација.

По речиси фатална сообраќајна несреќа, на Марија ѝ се ампутирани двете нозе. Поради нејзината здравствена состојба, доктор специјалист ѝ препорачал медицинска рехабилитација во базен во ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација или во Градската општа болница „8 Септември". Поради тоа што крановите за користење на базените во овие здравствени установи не се во функција, таа била принудена да се рехабилитира во Катлановска Бања. Упатувањето на Марија на рехабилитација надвор од заедницата во којашто живее, претставува уште една пречка во нејзиното и така веќе комплицирано и отежнато секојдневно функционирање, а истовремено претставува дополнителен финансиски трошок за неа.

*Лицата со попреченост имаат право, на еднаков начин како и сите други, да ги користат здравствените услуги, во конкретниов случај можноста за рехабилитација во базен во јавните здравствени установи. Оневозможувањето на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите, да ги користат базените за рехабилитација, претставува директна дискриминација.*

## Индиректна дискриминација

Кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики си ставен/а во понеповолна положба во споредба со други лица или група лица, ти си **индиректно дискриминиран/а,** освен ако тоа произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

Ресторанот „Ресторантко“ објавил оглас за вработување на работното место готвач. Според условите во огласот, кандидатот, меѓу другото, треба да поседува возачка дозвола. Ваквиот оглас за вработување ги става во понеповолна положба некои од лицата со попреченост, кои не можат да се стекнат со возачка дозвола. Овој оглас не може објективно да се оправда, поради тоа што задачите за работното место готвач не бараат работникот да вози од една до друга дестинација. Овој посебен услов би можел објективно да се оправда доколку, на пример, станува збор за работното место доставувач.
*Оттука, објавениот оглас за вработување на „Ресторантко“ претставува **индиректна дискриминација врз основа на попреченост**.*

Никој не смее посредно или непосредно да **повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува** некој друг да те дискриминира на која било основа.

Секое несакано постапување кон тебе врз дискриминаторски основи, што има за цел или последица повреда на твоето достоинство или, пак, создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, претставува вознемирување.

**Сегрегација** постои секогаш кога некој физички те одделува врз дискриминаторска основа, без легитимна или објективно оправдана цел.

## Сите овие форми претставуваат дискриминација и се забранети.

Забраната за дискриминација ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и *оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

**Соодветно приспособување** претставува соодветна промена и приспособување кое не предизвикува непропорционален и несоодветен товар, а кое се прави со цел да ти се обезбеди уживање и остварување на основните човекови права на еднаква основа со другите.

**Пристапност до инфраструктура, добра и услуги** значи дека сите чинители во општеството имаат обврска да преземат соодветни мерки кои ќе ти овозможат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области.

### СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ

Ида е дете со физичка попреченост кое се движи со помош на инвалидска количка и посетува редовна настава во основно училиште каде што е петтоделенка. Наставата во нејзиното одделение се одржува на вториот кат од зградата, која нема лифт, па поради тоа нејзините родители се приморани на раце по скали да го носат нивното дете до училницата. Родителите побарале училиштето да ја премести наставата во училница на приземјето. Барањето им е одбиено со образложение дека одделението каде што е Ида брои најголем број деца во училиштето, а училницата на вториот кат е најсоодветна, бидејќи е најголема.

Училиштето има обврска соодветно да се приспособи на потребите на учениците со попреченост со цел тие да ги уживаат нивните права и интереси на еднаква основа со останатите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација.

## Како да се заштитиш од дискриминација?

### Постапка пред Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Доколку сметаш дека си жртва на дискриминација, можеш да поднесеш претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Претставката можеш да ја поднесеш онлајн на веб-страницата на Комисијата или писмено на адресата на Комисијата. Претставката треба да ја поднесеш најдоцна во рок од **6 месеци** од дознавање за актот на дискриминација, а најдоцна **1 година** од кога била сторена повредата. Комисијата треба да донесе одлука во рок од 60 дена од денот на поднесување на претставката.

### Постапка пред Народен правобранител

Можеш да поднесеш и претставка до Народниот правобранител. Во тој случај претставката ја поднесуваш писмено (лично или по пошта), усно на записник во просториите на Народниот правобранител, по телефон или по електронска пошта.

### Судска постапка

Можеш да поднесеш и тужба до надлежниот граѓански суд, со којашто можеш да бараш судот да утврди повреда на правото на еднаков третман, да му забрани на сторителот на дискриминација да презема дејствија, да побараш надомест на штета или да побараш пресудата да се објави во медиуми.

## АКО СМЕТАШ ДЕКА СИ ЖРТВА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Пријави во Хелсиншкиот комитет за човекови права. Како овластено здружение за давање примарна правна помош ние ќе ти помогнеме во составување на претставките до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и до Народниот правобранител. Воедно, Комитетот може да поднесе претставка до овие два заштитни механизми, во твое име.

**Нашата адреса е**
**ул. „Наум Наумовски Борче“ бр. 83,**
**1000 Скопје**

**Можеш да нè контактираш и на телефонските броеви**
**+389 (0) 2 3119 073; +389 (0) 72 278 436**
**или на e-mail helkom@mhc.org.mk**



# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Промените со новиот Закон за социјална заштита**

Законот за социјална заштита кој беше донесен во мај 2019 година воведе **целосно нови права и услови за нивно користење, како и преименување на некои од претходно постоечките права**. Законот ја вклучува и забраната за дискриминација на која било основа, вклучувајќи ја и попреченоста, во остварување на правата од социјалната заштита утврдени со овој Закон.

## ДОКОЛКУ ТИ Е ПОТРЕБНА ПРАВНА ПОМОШ

за пополнување на барањата кои треба да ги поднесеш за да оствариш некој од наведените надоместоци од социјална заштита или, пак, ако имаш потреба од помош при составување жалба на решенија со кои ти е одбиено некое твое право, можеш да се обратиш во

**ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**
на ул. „Наум Наумовски Борче“ бр. 83,
1000 Скопје
Можеш да нѐ контактираш и на телефонските броеви
**+389 (0) 2 3119 073; +389 (0) 72 278 436**
или на e-mail **helkom@mhc.org.mk**

# Парични надоместоци од социјална заштита

## Гарантирана минимална помош

***Доколку живееш во домаќинство кое е материјално необезбедно и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, имаш право на гарантирана минимална помош.***

Се смета дека живееш во материјално необезбедено домаќинство доколку во претходните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на правото, вкупните приходи на сите членови во домаќинството биле помали од висината на гарантираната минимална помош. Ова правило важи и за целото времетраење додека го користиш ова право

**Основицата** за пресметување на висината на помошта **изнесува 4.000 денари месечно**, а за секој следен полнолетен член на домаќинството (до најмногу за вкупно пет члена во домаќинството) основицата се зголемува согласно со еквивалентна скала. Еквивалентната скала се зголемува и за лице кое е неспособно за работа поради интелектуална попреченост, телесна попреченост, душевно заболување или поради трајни промени во здравствената состојба, но најмногу до три члена во домаќинството.

| Број на членови во домаќинство | Износ на просечни месечни приходи за отстварување и користење на правото на гарантирана минимална помош |
| --- | --- |
| **1** | **4.000 денари** |
| **2 возрасни** | **6.000 денари** |
| **2** (1 самохран одител со 1 дете) | **6.400 денари** |
| **3 возрасни** | **7.600 денари** |
| **3** (2 родители и 1 дете) | **6.400 денари** |
| **4** (2 родители и 2 деца) | **6.800 денари** |
| **4** (2 родители, 1 дете и 1 возрасен) | **8.000 денари** |
| **5** (2 родители и 3 деца) | **7.200 денари** |
| **5** (4 возрасни и 1 дете) | **9.600 денари** |
| **5 возрасни** | **10.000 денари** |

**Приказ на просечни месечни приходи на неколку видови домаќинства за отстварување на правото на гарантирана минимална помош.*

## Надоместок поради попреченост

***Надоместокот за попреченост ти следува доколку си:***

- ***со тешка или длабока интелектуална попреченост***
- ***со најтешка телесна попреченост***
- ***потполно слепо лице и***
- ***потполно глуво лице***

Висината на месечниот надоместок заради попреченост изнесува 4.117 денари за потполно глуво лице и 7.204 денари во останатите наведени случаи.

Овој надоместок ти следува само доколку имаш навршени 26 години, а најмногу 65 години. Доколку си на возраст под 26 години, ти следува посебен додаток кој е предвиден за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или во менталниот развој или комбинирани пречки во развојот. Доколку имаш над 65 години ти следуваат надоместоците предвидени со Законот за социјална сигурност на стари лица.

## Ова право не ти следува доколку повеќе од 30 дена си бил сместен/а во:

- установа за вонсемејна социјална заштита (на пример, мал групен дом)
- згрижувачко семејство
- организирано живеење со поддршка (лица кои живеат во посебни станбени единици со постојана или привремена помош од стручни лица) или
- во здравствена или друга установа за периодот додека трае сместувањето

Правото на надоместок поради попреченост можеш да го оствариш **врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија**. Доколку не си задоволен од конзилијарното мислење кое ќе го даде првостепената комисија, имаш право на жалба до **второстепената комисија** која е исто така составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијарна здравствена установа, различни од оние кои го донеле првостепеното конзилијарно мислење

**Конзилијарното мислење** е наод, оцена и мислење за степенот и видот на попреченоста на лицето, а го носи **првостепена комисија** која е составена од тројца лекари специјалисти од терцијарна здравствена установа (универзитетска клиника, универзитетски институт и универзитетски клинички центар).

## ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Доколку ти треба правна помош за составување на жалбата, можеш да нè најдеш на следната адреса:

**ул. „Наум Наумовски Борче“ бр. 83, 1000 Скопје**

или да нè контактираш на

**+389 (0) 2 3119 073; +389 (0) 72 278 436** и **helkom@mhc.org.mk**

## Право на надоместок за помош и нега од друго лице

Доколку имаш навршени **26 години** возраст, а си лице со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба и ти е неопходна помош и нега од друго лице поради тоа што не можеш сам/а да ги вршиш основните активности од секојдневниот живот, имаш право на ***надоместок за помош и нега од друго лице.***

**Потреба од помош и нега од друго лице имаш и ако си лице кое поради привремени промени во здравствената состојба без помош на ортопедски помагала не може да ги врши основните активности од секојдневниот живот.**

**Висината** на надоместокот за помош и нега од друго лице се утврдува **во зависност од обемот на потребата која ја имаш за помош и нега од друго лице.**

**Надоместокот во поголем обем изнесува 4.475 денари**

**Надоместокот во поголем обем** може да го искористиш доколку си лице со тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради што не можеш сам/а да ги задоволуваш основните активности од секојдневниот живот, а не можеш ниту со помош на ортопедски помагала самостојно да се движиш во станот или надвор од станот, самостојно да се храниш, облекуваш, да ја одржуваш личната хигиена, ниту да ги вршиш основните физиолошки потреби

**Надоместокот во помал обем изнесува 3.959 денари**

Право на овој **надоместок во помал обем** имаш ако си лице со умерена интелектуална попреченост, како и доколку си лице кое поради трајни промени во здравствената состојба не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби

## Надоместок на плата за скратено работно време

**Како родител на дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, имаш право на надоместок на плата за скратено работно време, кој се остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето, односно и откако детето ќе наврши 18 години.**

**Висината** на надоместокот на плата изнесува **50 % од просечната нето-плата за полно работно време** на родителот исплатена во претходната година, односно **100 % од просечната нето-плата за скратено работно време**.

## Право на траен надоместок

Доколку си жена на возраст над 62 години или маж со навршени 64 години, не си вработен или не користиш правонапензија,асизгрижувал лице со попреченост во твоето семејство најмалку 15 години или си родител кој се грижел за дете со попреченост до неговата 26-годишна возраст (без да користиш услуга на вонсемејна социјална заштита, како на пример сместување на детето во мал групен дом), имаш право на траен надоместок

**Висината на трајниот надоместок изнесува 8.000 денари месечно.**

## Парични надоместоци за лица со попреченост под 26-годишна возраст

Законот за заштита на децата предвидува посебен паричен надоместок кој се нарекува посебен додаток и е предвиден за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.

Износот се зголемува за 50 % и изнесува 7.531 денари доколку си самохран родител кој има дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот. Износот се зголемува за 25 % и изнесува 6.276 денари доколку сте материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош што имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.

**Висината на посебниот додаток изнесува 5.021 денари.**

***Доколку ги исполнуваш условите, ова право можеш да го оствариш со поднесување барање до Центарот за социјална работа според местото во коешто живееш.***

## Социјални услуги во домот

***Услугите во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита.***

## Кои услуги во домот можете да ги користите?

Постојат два вида услуги во домот: **помош и нега во домот и лична асистенција.**

## ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

**Со оваа услуга се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за самопомош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.**

**Корисници на услугата** се лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот.

Оваа услуга можат да ја користат децата со попреченост, доколку вие како родители не сте во можност да им помогнете поради заснован работен однос, нарушена здравствена состојба и старост.

# ЛИЧНА АСИСТЕНЦИЈА

**Оваа услуга опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65-годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел овозможување независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка. Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во заедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно.**

**Корисници на услугата с**е лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.

Оваа услуга можат да ја користат децата со попреченост, доколку вие како родители не сте во можност да им помогнете поради заснован работен однос, нарушена здравствена состојба и старост.

## Кои се социјални услуги во заедницата?

- **Услугата за дневен престој** опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности.
- **Услугата за рехабилитација и реинтеграција** на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми се обезбедува преку психо-социјална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење.
- **Услугата за одмена на семејна грижа** обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив. Оваа услуга може да се обезбеди и во домот на корисникот. Трошоците за оваа услуга се надоместени од центрите за социјална работа и се обезбедува во времетраење до 15 дена во текот на една календарска година.

---

Поради тешки компликации за време на оперативен зафат, здравствената состојба на Лејла е трајно нарушена, односно таа има трајна физичка и интелектуална попреченост. Како резултат на тоа, таа не може да работи, а ниту пак самостојно да се грижи за себеси и да ги врши секојдневните животни активности. Иако нејзината здравствена состојба е доживотно нарушена, тимот од Центарот за социјална работа бара од Лејла секоја година да доставува документација и да се јавува на контролен лекарски преглед за да се утврди дали сѐ уште ѝ е потребно да го остварува правото на паричен надоместок поради попреченост.

***Лицето кое има промена или има можност за промена на неговата здравствена состојба потребно е да доставува документација или да се јавува на контролен лекарски преглед, на определен временски интервал, за да може да го оствари своето право на парична помош од социјална заштита. Барањата на институциите лицето кое има трајно нарушување на здравствената состојба да ја поминува истата процедура како другите лица, го става во понеповолна положба за разлика од останатите и претставува дискриминација.***



# ОБРАЗОВАНИЕ

## Промените со Законот за основното образование

Со новиот Закон за основно образование, кој беше донесен во август 2019 година, се промовира инклузивноста на образованието за сите деца, преку различни форми на поддршка на учениците со попреченост и заштита од дискриминација во образовниот процес.

**Законот почна да се применува во септември, со почетокот на учебната 2019/2020 година, а во тек е и донесувањето на подзаконските акти за негова примена.**

## Кои се ученици со посебни образовни потреби?

- Ученици со попреченост
- Ученици со комплексни емоционални потреби или со потреба од помош при конвенционалните методи на учење и
- Ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични деприварани средини

## ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација во основното образование, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по која било основа, вклучувајќи ја и попреченоста.**

***Забраната за дискриминација те опфаќа и тебе како родител или старател на ученикот, врз која било од основите.***

Сите вработени во училиштето се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

## Разумно приспособување во образованието

**Инфраструктурата, наставниот план и програма во основното образование и целиот образовен процес треба да се променат и приспособат за учениците со попреченост**, на начин што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето. Исто така, треба да се преземат мерки за учениците со попреченост да имаат еднаков пристап како сите ученици до училишната зграда и училниците, транспортот, информациите, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во училиштето.

## Училиштето може да обезбеди и поддршка на учењето за учениците со попреченост во вид на:

- образовен асистент
- личен асистент
- соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето
- инклузивен тим и
- асистивна технологија

**Образовните и личните асистенти** се вработуваат на определено време од страна на училиштата со ресурсен центар. Во случај кога на ниво на општината нема основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка, оваа поддршка треба да се обезбеди од најблиското основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка од најблиската општина.

### Хелсиншки комитет за човекови права

како овластено здружение за бесплатна правна помош може да ти помогне да се информираш подетално за правата во областа на образованието и да ти помогне да се заштитиш доколку уживањето на некое од твоите права ти е оневозможено.

**Нашата адреса е**

**ул. „Наум Наумовски - Борче“ бр. 83, 1000 Скопје**

**Можеш да нè контактираш и на телефонските броеви**

**+389 (0) 2 3119 073; +389 (0) 72 278 436**
**или на e-mail helkom@mhc.org.mk**

Емин е дете кое има пречки во говорот, но, и покрај тоа, тој со огромна желба и посветеност посетува настава во основно училиште. На само 7 години, тој се соочи со најголемиот страв - да не биде прифатен од околината. Овојпат тоа беа неговиот класен раководител, педагогот и психологот на училиштето. Тие, и покрај нивната нестручност во таа област, на родителската средба инсистирале Емин да се отпише од училиштето поради тоа што „боледувал“ од аутизам.

***Во основното воспитание и образование е забранета секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување, по која било основа. Вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство***.

# РАБОТНИ ОДНОСИ

Работодавачот **не смее да ти го откаже договорот за вработување** кога работиш со **скратено работно време поради грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби**.

**Како родител на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби, имаш право да работиш со половина од полното работно време за што ти следува плата како да работиш со полно работно време. Ова право можеш да го користиш ако си самохран родител или ако ти и другиот родител сте во работен однос, така што едниот родител е корисник/чка на ова право.**

Ова право можеш да го користиш само доколку детето не е сместено во установа за социјално-здравствено згрижување.

***Правото на надомест на плата*** *(подетално објаснето на страница 26 од овој прирачник) се исплаќа според прописите за социјална заштита.*

# ДОКОЛКУ ТИ Е ПОТРЕБНА ПРАВНА ПОМОШ,

*односно правна информација или совет во однос на користењето на правото за работа со скратено работно време или пак ти е потребна помош при заштита кога ова право ти е прекршено, можеш да се обратиш во*

**Хелсиншки комитет за човекови права**

Нашата адреса е

**ул. „Наум Наумовски - Борче“ бр. 83, 1000 Скопје**

Можеш да нè контактираш и на телефонските броеви

**+389 (0) 2 3119 073;**
**+389 (0) 72 278 436**
**или на e-mail**
**helkom@mhc.org.mk**

Зорица е родител на дете со комбинирана попреченост, односно со лесна интелектуална попреченост и аутистичен синдром, вработена во супермаркет. Таа поднела барање до работодавачот за работа со скратено работно време. Имено, како родител на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби, работничката има право да работи со половина од полното работно време, а во таков случај скратеното работно време се смета како полно работно време. Работодавачот ѝ доставил одговор со кој го одбива нејзиното барање.

**Законот за работните односи ги сместува родителите на деца со попреченост во групата работници за коишто е предвидена посебна заштита (глава XII од Законот). Имено, забраната за дискриминација не е ограничена само на лицата со попреченост туку ги опфаќа и лицата кои се засегнати од нивната состојба, односно членови на семејството, згрижувачи и други лица кои се грижат за лицата со попреченост.**

# КАДЕ МОЖЕТЕ ДА ПРИЈАВИТЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВА

**Хелсиншки комитет за човекови права**
ул. „Наум Наумовски Борче“ број 83 во Скопје
телефони за контакт: + 389 (0) 2 3119 073
+ 389 (0) 72 278 436
електронска пошта: helkom@mhc.org.mk

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
Претставката може да се поднесе онлајн на веб - страницата **www.kzd.mk** или писмено на адреса на Комисијата „Кеј Димитар Влахов“ бб Скопје.

**Народен правобранител**
Претставката се поднесува писмено (лично или по пошта) на адреса ул „Македонија“ број 19 Скопје, усно со записник во просториите на Народниот правобранител, на телефонскиот број: **+ 389 (0) 02 3129 335** или по електронска пошта: **contact@ombudsman.mk.**

# Подрачни одделенија и овластени лица од Министерството за правда

| Подрачно одделение | Овластено лице | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|---|
| БЕРОВО | ЉУПКА ДУПКАРСКА | 071 205 324 | ljdupkarska@mjustice.gov.mk |
| БИТОЛА | МИРЈАНА РУТЕСКА | 071 223 392 | mruteska@mjustice.gov.mk |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | ВЛАДО КРСТЕСКИ | 071 223 075 | |
| | ИВИЦА ДИМОСКИ | 078 640 786 | |
| ВИНИЦА | ГОРАНЧО ДИМИТРОВ | 071 213 964 | gdimitrov@mjustice.gov.mk |
| ВАЛАНДОВО | ФИКА КАБУРОВА | 071 213 925 | fkaburova@mjustice.gov.mk |
| ГЕВГЕЛИЈА | СУЗАНА ШУТЕВА | 071 224 678 | |
| | МИТЕ ПЕЕВ | 071 216 267 | |
| ГОСТИВАР | АДЕМ ОСМАНИ | 071 223 180 | aosmani@mjustice.gov.mk |
| ДЕБАР | ТОНИ КОЛЕЦИ | 071 223 768 | tkoleci@mjustice.gov.mk |
| ДЕЛЧЕВО | ГОРАН СТОИМЕНОВСКИ | 071 283 948 | gstoimenovski@mjustice.gov.mk |
| ДЕМИР ХИСАР | АНЕТА МИТРАЈЧЕВСКА | 075 766 695 | |
| КАВАДАРЦИ | ЦВЕТАНКА БАШТОВАНОВА | 075 659 855 | |
| КИЧЕВО | АНЕТА МИТРАЈЧЕВСКА | 071 224 652 | |
| КОЧАНИ | МАГДАЛЕНА МАНЧЕВА | 071 221 580 | |
| КРИВА ПАЛАНКА | СУЗАНА ИЛИЕВСКА | 071 224 580 | silievska@mjustice.gov.mk |
| КРУШЕВО | ОЛГА СТОЈЧЕВСКА | 071 227 808 | ostojceska@mjustice.gov.mk |

| | | | |
|---|---|---|---|
| КУМАНОВО | ФРОСИНА СТЕФАНОВИЌ | 071 227 962 | fstevanovic@mjustice.gov.mk |
| НЕГОТИНО | ЈОВАНКА КАМЧЕВА | 071 223 191 | jkamceva@mjustice.gov.mk |
| ОХРИД | ТОНИ КОЧЕСКИ | 071 221 908 | tkoceski@mjustice.gov.mk |
| ПРИЛЕП | АНТОНИО СИМОНОСКИ | 076 232 886 | |
| ПРОБИШТИП | МАРТИН МЛАДЕНОВСКИ | 078 330 434 | |
| РАДОВИШ | ДАНИЕЛА СВИРКОВА | 070 261 310 | |
| РЕСЕН | ДИВНА БАРАНДОВСКА | 071 221 246 | dbarandovska@mjustice.gov.mk |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | ГОРДАН МИЛАНОВ | 071 227 862 | gmilanov@mjustice.gov.mk |
| СТРУГА | СЕВИМА САЛИЕВСКА | 071 223 015 | sevimasalievska@mjustice.gov.mk |
| СТРУМИЦА | МИЛКА ВЕЛКОВА КЛЕСОВА | 071 224 526 | |
| ТЕТОВО | ЕМИНЕ ЗЕЈНЕЛИ | 071 227 893 | ezejneli@mjustice.gov.mk |
| ШТИП | МАРИКА ДЕЛЕВА | 071 221 484 | marikadeleva@mjustice.gov.mk |
| КАРПОШ | ВЕНЕРА ВАСИЛЕВСКА | 071 221 381 | vvasileska@mjustice.gov.mk |
| ЦЕНТАР | ЗУРИЈА МЕМЕДОВА | 078 442 006 | |
| КИСЕЛА ВОДА | ЗОРИЦА СТАНКОВИЌ | 071 224 104 | ezejneli@mjustice.gov.mk |
| ГАЗИ БАБА | РЕМЗИ БЕЌИРИ | 071 213 798 | zstankovic@mjustice.gov.mk |

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА

unicef